**Прашања и одговори во врска со Повик бр.03/2025 со Арх.Бр.03-257/2025 од 19.11.2025 година за набавка на моторно возило со погон на сите четири тркала за потребите на Македонско еколошко друштво**

1. **Прашање:**Ве замолам да ни ја доставите тендерската документација во формат „word“ за да можеме да ги искористиме обрасците при пополнување, бидејќи истите се во формат „pdf“.

   **Одговор**: Ве известуваме дека согласно правилата и процедурите на повикот, не е дозволено споделување на документацијата во „word" формат. Обрасците за доставување на понуда треба да се користат исклучиво во PDF форматот во кој се објавени, при што треба да бидат испечатени и пополнети рачно**.**

2. **Прашање:** Ве молам за информација и кларификација, кој е рокот за испорака, 90 или 120 денови.

   **Одговор:** Во однос на Вашето прашање за рокот за испорака би сакале да појасниме дека рокот за испорака е **до 90 дена** како што е наведено во делот „II.ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ВОЗИЛОТО“.